РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Универзитет „Св. Кирил и Методиј" -Скопје
Факултет за електротехника и информациски технологии

Број:02-1534/ 32
Датум: 23.8.2017 г.
СКОПЈЕ

Врз основа на став 3 од членот 180 од Законот за високото образование (Сл. весник на РМ бр. 35/2008, 103/2008, 26/2009, 83/2009, 99/2009, 115/2010, 17/2011, 51/2011, 15/2013, 24/2013, 41/2014, 116/2014, 130/2014, 10/2015, 20/2015, 98/2015, 145/ 2015, 154/2015, 30/2016, 120/2016 и 127/2016), и член 47 од Правилникот за внатрешните односи и работењето на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје, единица во состав на Универзитетот *Св. Кирил и Методиј*, наставно-научниот совет на Факултетот на седницата одржана на 23.8.2017 година ја донесе следнава

# ОДЛУКА

за премин на нови студиски програми по ЕКТС

1. Студентите запишани на прв циклус студии на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје, заклучно со учебната 2016/2017 година, можат да преминат да студираат во прва година на новите студиски програми воведени на Факултетот во учебната 2017/2018 година.

2. Студентите запишани на прв циклус студии на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје, заклучно со учебната 2016/2017 година ако сакаат да продолжат да студираат, а кои до почетокот на учебната 2018/2019 година не се стекнале со 60 кредити, преминуваат на новите, соодветни, студиски програми.

3. Одлуката да се достави до: ННС, веб страницата, продеканот за настава, секретарот, Службата за студентски прашања, општата служба и архивата на Факултетот.

Декан

Проф. д-р Димитар Ташковски